03 – 1212/1
29 01 2021

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)

Министерството за култура
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, (02) 3240-555, info@kultura.gov.mk

Елена Николовска, службено лице за посредување со информации од јавен карактер

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2020 до 31.12.2020)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

2. Број на примени барања - 78;

3. Број на позитивно одговорени барања - 76;

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање - нема;

5. Број на неодговорени барања - 2;

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) - 3;

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - 2;

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - нема;

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање – нема, и

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање - 1.

Жалбата бр. 08-617 од 22.09.2020 поднесена од Митко Бојаџиски до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е препратена од Агенцијата до Министерството за култура на 30.09.2020 година и заведена под бр. УП1 03-438 од 30.09.2020 година. Жалбата е доставена поради недоставување на одговор во законскиот рок од страна на Министерството за култура по Барањето на Митко Бојаџиски од 20.08.2020 година.

Барањето по кое е упатена жалбата е прифатено од страна на Министерството за култура со Решение бр. УП1 03-438 од 01.10.2020 година, а Агенцијата по известувањето на Министерството донесе Решение за запирање на постапката по Жалбата од Митко Бојаџиски (бр. 08-617 од 06.10.2020 година).

Жалбата бр. 08-618 од 22.09.2020 поднесена од Митко Бојаџиски до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е препратена од Агенцијата до Министерството за култура на 30.09.2020 година и заведена под бр. УП1 03-448 од 05.10.2020 година. Жалбата е доставена поради недоставување на одговор во законскиот рок од страна на Министерството за култура по Барањето на Митко Бојаџиски од 20.08.2020 година. Агенцијата донесе Решение за уважување на Жалбата од Митко Бојаџиски (бр. 08-618 од 06.10.2020 година) и му наложи на Министерството за култура да постапи по Барањето на Барателот.
Барањето по кое е упатена жалбата е прифатено од страна на Министерството за култура со Решение бр. УП1 03-448 од 07.10.2020 година.

Жалбата бр.08-621 од 29.09.2020 година поднесена од Македонски центар за меѓународна соработка, застапуван од Александар Кржаловски е отфрлена како недопуштена и ненавремена со Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-621 од 06.10.2020 година, со образложение дека Жалбата е поднесена по истекот на законскиот рок за доставување на жалби и е поднесена против два иматели на информации, а не еден како што е законски предвидено.

Во вкупниот број на позитивно одговорени барања се сметани и 5 барања кои поради туѓа надлежност беа доставени до други институции, а барателите на информациите беа соодветно известени.

Овој Извештај е напишан врз основа на податоци дадени од страна на службеното лице за посредување со информации од јавен карактер Драгана Ќурчиоска која ја вршеше работата заклучно со 14.09.2020 година. Со Решение на Министерот за култура бр.44-8860/1 од 15.09.2020 година Елена Николовска ја презема должноста на службено лице.

**Скопје, 29.01.2021 г.**

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**
**Седат Сулејмани**

Подготвила: Елена Николовска, службено лице